www.studiorum.org.mk

# Светските
## институти и медиуми за македонската иднина во ЕУ

# World
## Think Tanks and Media
## About the Macedonian Future in the EU

2004

Центар за регионални истражувања и соработка

# ВОВЕД

Релевантните истражувачки институти, како и електронските и печатените медиуми претставуваат сериозни центри кои што секојдневно вршат конкретни анализи и истражувања на актуелни теми и проблеми. Интеграцијата на Република Македонија во евро-атлантските структури, а особено во Европската унија, претставува континуиран процес, чие спроведување претставува приоритет за кој постои консензус на сите субјекти во државата.

Со оглед на фактот дека проширувањето на Европската унија е актуелен процес, а и Република Македонија е составен дел од него, во институтите и медиумите се посветува особено внимание на ова прашање. Во тој контекст, од исклучителна важност е следењето и анализирањето на сите извештаи, текстови, анализи и истражувања, кои го обработуваат прашањето за зачленување на Република Македонија во Европската унија.

Уште позначаен е фактот што овие светски истражувачки и информативни центри можат да влијаат, како врз политиката на актуелните влади на голем број земји, така и на самите меѓународни организации, кои што претставуваат наша крајна цел. Поради тоа, темелната обработка и систематизацијата на истражувањата и анализите во конкретни ставови и предлози би одело во прилог на државата и би помогнало за претставување на истата во подобро и поинакво светло, кое би го отворило патот кон напредокот и меѓународната поддршка на Република Македонија во годините кои следат.

Почитувајќи ги овие насоки, невладината организација "Студиорум" изврши сеопфатна анализа и обработка на информациите кои се поврзани со членството на Македонија во Европската унија, а кои ги пласираат меѓународните истражувачки центри и медиуми, со цел да

даде конкретен придонес во трасирањето на патот на Македонија кон Брисел.

# I. ИРСКИ ИНСТИТУТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА (IRISH INSTITUTE FOR EUROPEAN AFFAIRS) – www.iiea.com

Во четирите досега публикувани документи: **Balkans Update – март, април, ноември 2002 и март 2003 година**, кои се составен дел од проектот "Балканска група", содржани се конкретни оцени и совети за Македонија во контекст на нејзиниот пат кон полноправно членство во Унијата. Еве како ИИЕА ја оценува актуелната состојба во Република Македонија:

- последните парламентарни избори се оценети како мирни, фер и демократски, и според Институтот, тие претставуваат позитивен чекор кон ЕУ;
- спроведувањето на Охридскиот договор и гарантирањето на правата на малцинствата се во напредна фаза;
- регионалната соработка мора да се интензивира, и тоа во следниве области (либерализација на трговијата, борба против организираниот криминал, енергетска политика, враќање на бегалците и раселените лица и развој и поголема слобода на медиумите);
- според ИИЕА, Процесот на стабилизација и асоцијација треба да претставува инструмент-мост за македонското членство во ЕУ, при што фазата на "стабилизација и реконструкција треба да се замени со асоцијација и прогрес";
- според Ерхард Бусек (во интервју за Balkans Group), "Пактот за стабилност претставува карта за возот кон Европската унија" и
- во најновиот број од изданието на Balkans Group (март 2003) е содржан ставот дека државите-членки ја манифестираат поддршката на планот на Унијата следниот круг од проширувањето да го опфати и Балканот.

Покрај во проектот Balkans Group, балканскиот евроинтегративен процес (делумно) го обработува и Карл Билд (специјален пратеник на генералниот секретар на ООН за Балканот од 1999 до 2001 година) во својот говор одржан на Институтот (Remarks by Carl Bildt to the IIEA – 20.02.2002). Ставовите на Карл Билд се следниве:

- Балканот, а со тоа и Македонија, го гледа како составен дел од Европската унија, пред сé, преку остварување на мерките и обврските преземени со Пактот за стабилност;
- Карл Билд смета дека присуството на Силите за брза интервенција на ЕУ е есенцијално за зачувување на мирот и стабилноста во државата;
- политичката консолидација и стабилноста во регионот, како предуслов за членство во ЕУ, можат да се остварат исклучиво преку компромис: обезбедување и остварување на минимум на барањата на секоја од спротивставените страни и
- ја нагласува улогата на Хашкиот трибунал кој би требало да им суди на сите воени злосторници од бивша Југославија, а не само селективно – клучна улога на Унијата за одржување на мирот и стабилноста во регионот.

# II. ГРЧКА ФОНДАЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА И НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА (HELLENIC FOUNDATION FOR EUROPEAN AND FOREIGN POLICY – ELIAMEP) www.eliamep.gr

Архивата на ELIAMEP содржи неколку текстови кои ја обработуваат политичката, економската, безбедносната состојба, како и обидите на Република Македонија за што е можно побрзо зачленување во ЕУ. Тоа се следните текстови:

- “Do not forget the Balkans” by Theodore Coloumbis and Aristotle Tziampiris (Kathimerini 11/10/2001);
- “Unheralded, a new foreign policy emerges for the Balkans” by Theodore Coloumbis and Aristotle Tziampiris (Kathimerini 09/07/2001);
- “The end of the war in Balkans” by Theodore Coloumbis and Aristotle Tziampiris (Defensor pacis No12, September 2002) и
- “The impact of contractual relations between EU and Central and Eastern European countries in solving local conflicts”.

Во сите овие текстови Македонија се оценува како извор на конфликти кои се, пред cé, од етничка природа. Со цел да се надмине ваквата состојба, според ELIAMEP, неопходно е Република Македонија да се интегрира во Европската унија која ќе гарантира мир, стабилност и безбедност, како за Македонија, така и за целиот регион. Меѓутоа и од нашата држава се бара да преземе поенергични мерки за надминиување на етничките несогласувања во контекст на нашите аспирации за членство во ЕУ.

Според ELIAMEP, иднината на Македонија несомнено е во Европската унија и НАТО, а патот до Брисел води преку Атина. Според анализите на овој институт, ставот на Грција во однос на Македонија драстично е изменет и во претстоечкиот период официјална Атина би можела

да игра улога на промотер на македонската кандидатура за членство во евроатлантските структури. Паралелно со овој процес би се преземале активности за решавање на долгогодишниот спор околу името.

Елинската фондација за европска и надворешна политика нагласува дека членството во Европската унија и НАТО Македонија не треба да го сфати како акт на присилба, туку истиот треба да се реализира како резултат на сопствената волја и свест на македонскиот народ за ‘бенефитите’ од евроинтеграцијата.

## HELLENIC FOUNDATION FOR EUROPEAN & FOREIGN POLICY (ELIAMEP) / BERTELSMANN STIFTUNG / CENTRUM FUR ANGEWANDTE POLITIKFORSCHUNG

### 1. “ЕВРОПСКАТА УНИЈА И БАЛКАНОТ: ОД ПРОЦЕС НА СТАБИЛИЗАЦИЈА ДО ЈУГОИСТОЧНО ПРОШИРУВАЊЕ”

Вим ван Меурс, Александрос Јанис

Септември 2002

Од неодамна Балканот почна да генерира заедничка визија: перспективата за идно членство во ЕУ. Оваа перспектива се појавува како Архимедовска точка во целокупниот процес на стабилизација и развој за регионот, овозможувајќи им на луѓето од Балканот, како и од меѓународната заедница, реални очекувања за излез на регионот од поделбите и конфликтите од минатото кон стабилност, соработка и просперитет. Основните предуслови за евентуално членство во ЕУ сé повеќе стануваат водечки принципи за политичките и економски реформи и градењето на институциите во државите од регионот. Земјите од ЕУ прифатија дека целиот регион е веќе дел од Европа, дека нивните проблеми се европски проблеми и дека секое решение мора да биде европско решение.

Европските перспективи во регионот во основа се репрезентирани институционално преку Процесот на Стабилизација и Асоцијација, како и преку Пактот за Стабилност. Стратешки, овие два проекти се засновани врз спротивни принципи. Пактот за Стабилност ѝ дава приоритет на регионалната соработка како помошно средство за надминување на структуралните дефицити, како и конфликтите во регионот. Процесот за Стабилизација и Асоцијација ѝ дава приоритет на силата на билатералната соработка и ја цени регионалната соработка како помошен механизам. Ваквата билатерална условеност на овој процес предизвикува нова фрагментација или поделба во регионот и се натпреварува со логиката на Пактот за Стабилност.Постојат индивидуални слабости и фундаментална тензија помеѓу овие два главни инструменти на европската перспектива за Балканот.

Има некои специфики во Југоисточна Европа по кои може да се разликува европската интеграција во однос на Централноисточна Европа: Слабост на државата, напроти силните претензии кон суверенитет и етничка државност, слабост на граѓанското општество со прекумерно вплетување на економската и политичката моќ и дефицити на економска модернизација, ендемски кризи на слабите држави во регионот, наследствата на десет години на меѓуетнички и меѓудржавни конфликти. Евидентната разлика помеѓу Централноисточна Европа и Балканот е во десет години на стабилна транзиција и десет години на етнички конфликти и нестабилност.

Потребен е сет од стратегии и институции кои се квалитативно и квантитативно поинакви од оние кои се употребени во процесот на проширување во Центалноисточна Европа, заради справување со специфичните потреби за стабилност во регионот. Европа и Балканот имаат потреба од Агенда за Југоисточно проширување.

ЕУ треба да даде гаранции дека регионалната соработка не е создадена како супститут за членството во ЕУ. Големо прашање е дали се соодветни обилните меѓународни и регионални иницијативи, а особено плура-

лизмот што го карактеризира институционалното взаемно дејствување помеѓу ЕУ и регионот.

За да се промени парадигмата, потребен е развиток на флексибилен и неформален заеднички покрив под кој ќе бидат преаранжирани сите постојни стратешки цели, актери и иницијативи, за да се создадат динамични синергии.

Како заклучок, потребна е конзистентна Агенда за Југоисточно Проширување по 2004 година, вклучително и воспоставување Неформален Совет за Консултации со цел да се овозможи потребната стратешка и институционална кохерентност и ориентација под водство на ЕУ, како и засилен Процес на Стабилизација и Асоцијација со цел да се осигура кредибилна балканска траекторија кон Европа.

# III. ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТУДИИ (THE CENTER FOR EUROPEAN POLICY STUDIES) – www.ceps.be

Текстовите кои ги анализираат актуелните случувања во Република Македонија, како и претходно реализираните активности во контекст на македонското зачленување во ЕУ, се содржани во проектот **South East Europe.** Автор на најголем дел од нив е **Nicholas Whyte**, а текстовите се следниве:

## 1. "ЕУ и МАКЕДОНИЈА"

Николас Вајт

6 Април 2001година

Според авторот на овој текст, потпишувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација помеѓу Македонија и ЕУ, несомнено покажува дека Европската унија ја прифаќа Македонија со нејзините постојни граници ( значи ЕУ се противи на менувањето на државните граници на Македонија) како придружна држава, со сите механизми наменети за државите кои се наоѓаат во ваков однос со Унијата.

Сето ова укажува на фактот дека Европската унија ја прифаќа Македонија како сопствена идна членка. Меѓутоа, и не во така скоро време. Актуелната политика на ЕУ во моментов се сведува на следново: Република Македонија е потенцијален кандидат за членство во Унијата, а кога членството ќе стане реалност......???? Можеби по десет, дваесет или, пак, триесет години.

## 2. "РАМКОВНИОТ ДОГОВОР И ЕВРОПСКИТЕ СТАНДАРДИ"

Николас Вајт

30 Август 2001 година

Оценка на авторот е дека Рамковниот договор во одредени делови ги рефлектира европските и меѓународните стандарди, а во некои други дури и ги надминува. Меѓутоа, авторот исто така забележува дека Република Македонија е држава со висок степен на корупција, дискриминација и централизирана администрација.

Поглавјата за "недискриминација и паритетна застапеност" и "посебните парламнетарни процедури" претставуваат централен и најзначаен дел од документот. Според Вајт, кога е неопходно двотретинско мнозинство, фактот дека одлуката ќе биде донесена ако за неа гласаат и припадниците на засегнатото малцинство, претставува решение кое е во согласност со сите европски и светски стандарди.

Употребата на уставното име на државата – Република Македонија, наместо референцата ФИРОМ во Рамковниот договор е уште еден чекор напред кон Европската унија, заклучува Вајт, и нагласува дека сега е моментот да се добие наклонетоста од ЕУ и САД при конечното решавање на спорот околу името.

## 3. "ИЗБОРИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА: ПРОСПЕКТ ЗА ДЕМОКРАТСКА ИДНИНА"

Гергана Нучева

Септември 2002 година

Авторот на текстот смета дека демократијата е најголемиот победник на минатогодишните парламентарни избори во Република Македонија. Според Нучева, демократските избори се непходен сегмент за една

транзициона држава, чија што трајна определба се евроатлантските структури.

Меѓутоа, слободните и фер избори не можат да го пополнат дефицитот на демократија во Република Македонија. Во овој контекст значајни се два моменти:

а. факторот КОРУПЦИЈА помеѓу македонските политичари, кој како непосредна последица генерира
б. ниско ниво на доверба на граѓаните во институциите на власта.

Нучева смета дека преку реформи и само преку реформи може да се минимизира демократскиот дефицит во Република Македонија. Тоа е единствен начин да се надмине транзициониот период и да се влезе во една нова фаза, фаза на интегрирање на Македонија во Европската унија и НАТО.

## 4. ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА ТРГОВСКАТА ПОЛИТИКА ВО ДРЖАВИТЕ ОД ЗАПАДНИОТ БАЛКАН – ИНИЦИЈАТИВА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ПРОСПЕРИТЕТ И СТАБИЛНОСТ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Станислав Даскалов, Николај Е. Младенов (Европски Институт – Софија) и Даниел Грос, Пол Брентон, Мајкл Емерсон и Николас Вајт (CEPS)

Авторите на оваа анализа своето внимание го насочуваат кон параметри и условите кои ја детерминираат трговската политика на земјите од Западен Балкан, а сето тоа набљудувано од аспект на нивно побрзо интегрирање во Европската унија.

Планот за развој на трговската политика на Албанија, СЦГ, Хрватска, Македонија и БиХ е предвидено да се реализира во три консекутивни фази, и тоа:

Прва фаза: либерализација на трговијата помеѓу Европската унија и Западниот Балкан;

Втора фаза: зачленување на државите од Западен Балкан во ЦЕФТА (Централно европски договор за слободна трговија) и

Трета фаза: креирање на слободна економска зона помеѓу државите од Западен Балкан, Турција и ЕФТА (Европска асоцијација за слободна трговија).

Текстот го потенцира значењето на Договорите за стабилизација и асоцијација за државите-потписнички. Имено, Договорите претставуваат значаен чекор во воспоставувањето на стабилна правна основа за меѓусебните односи на Унијата со државите од Западен Балкан, вклучувајќи ја тука и сферата на либерализација на трговијата. Тие, исто така, обезбедуваат јасна перспектива за евроинтеграција на државите од регионот.

Договорите за стабилизација и асоцијација инкорпорираат и дополнителни обврски за хармонизација на домашната легислатива со законодавството на ЕУ (acquis communautaire), како и обврски за развој на институционални и административни капацитети за нивна имплементација.

Се предлага укинување на протекционистичките мерки со кои државите ги штитат домашните фирми како би се создала поволна клима за директни странски инвестиции, земајќи го во предвид фактот дека Унијата е најзначаен трговски партнер на регионот. Во овој контекст, воспоставувањето на слободна трговска зона помеѓу Западниот Балкан и ЕУ во рок од пет години ќе претставува фактор кој би ја забрзал либерализацијата и би ја интензивирал трговијата и помеѓу државите од регионот.

Прашањето за визниот режим на Македонија, СЦГ, Албанија и БиХ е исто така предмет на оваа анализа. Ако се знае дека за Хрватска, како држава од групата Западен Балкан, веќе неколку години не постои визен режим за поголем дел од државите од ЕУ, тоа автоматски ја става

оваа држава во повластена состојба во однос на Македонија, СЦГ, Албанија и БиХ. Затоа неопходно е, препорачуваат авторите, делумно или целосно да се укине визниот режим и за овие држави, во насока на ефикасно остварување на обврските кои произлегуваат од односите со ЕУ, а во контекст на нивната интеграција во Унијата.

# IV. WOODROW WILSON INTERNATIONAL CENTER FOR SCHOLARS www.wwics.si.edu

## 1. "ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА И НАТО: ДАЛИ ЧЛЕНСТВОТО ПРЕТСТАВУВА ИМПЕРАТИВ?"

Обрад Кешиќ

Според авторот на овој текст, за процесот на проширување на ЕУ и НАТО да биде успешен и комплетен, потребно е во него да бидат вклучени сите земји од Југоисточна Европа бидејќи во спротивно би се предизвикала опасност од нестабилност. Според него, тоа би довело до нов пристап во политиката на овие земји кој би се состоел од следниве четири чекори:

- <u>зачленување најпрвин во Европската унија, а потоа во НАТО</u>: авторот Кешиќ смета дека НАТО не претставува повеќе предворје на Европската унија и дека земјите од тој регион треба да ја насочат целата своја енергија во имплементација на зацртаните реформи за да успеат да влезат во ЕУ;
- <u>зголемување на регионалната соработка на безбедносен и воен план, вклучувајќи ја и заедничката борба за разоружување, борба против организираниот криминал и заложби за зачувување на мирот;</u>
- <u>отворање на границите за слободен проток на луѓе и други добра,</u> бидејќи бариерите кои што постојат помеѓу овие народи според авторот, го забавуваат економскиот развој;

- <u>вклучување на полицијата во воените реформи</u>: во време на воени кризи полицијата е активно вклучена во воените дејствија, а најдобар пример според авторот е кризата во Македонија во 2001 година. Затоа е потребна реформа т.е. демилитаризација на полициските сили што е од есенцијално значење како за воените реформи така и за демократизацијата на општеството бидејќи тоа претставува некој концепт на територијална одбрана од претходниот, комунистичкиот систем.

## 2. “ПРОТРЕСУВАЊЕ НА ПОТРЕСЕНАТА ДРЖАВА - КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА ВО ПОСТ-ОХРИДСКА МАКЕДОНИЈА”

Роберт Хислоп

26 февруари 2003 година

Добрата вест за Македонија е дека сегашната влада, водена од премиерот Бранко Црвенковски иницираше удар од висок профил врз корупцијата во државата. Новата власт беше избрана во септември 2002, по негативниот извештај од страна на Меѓународната Кризна Група, во кој беа истакнати сериозните нивоа на корупција во државата. СДСМ и ДУИ презедоа активности за борба против албанската мафија во западна Македонија и водење истраги против злоупотребувачите на власта во претходната влада, како и поставување нови правила за зголемување на транспарентноста и интегритетот на владата.

Лошата вест за Македонија е што сето тоа се случува во рамките на екстремно слаба држава, зовриени етнички односи, неефикасен судски систем, депресивна економска ситуација, скоро дневни инциденти со насилства и континуирано присуство на албански паламилитарци.

Македонија е широко позната како важна транзитна замја на патот на дрогата која ги поврзува Далечниот Исток и Западна Европа. Се збору-

ва дека корупцијата во владата и поврзаните криминални активности ја чинат државата околу 250 милиони евра годишно. Она што особено ја прави штетна оваа работа за Македонија е тоа што корупцијата е вткаена во политичките и етничките односи помеѓу Македонците и Албанците. Ова особено се гледаше во претходната владејачка коалиција помеѓу Љубчо Георгиевски и Арбен Џафери, која, де факто, ја подели територијата и направи серија тајни договори кои ја доведоа безбедноста на државата во опасност.

Новата влада направи неколку импресивни резултати:

- помеѓу јануари и февруари 2003, полицијата изврши 4 рации во најпознатите бордели и клубови во западна Македонија. Многу жени со илегален престој беа најдени, а клучните мафијашки фигури во проституцијата, како Дилавер Бојку, беа уапсени;
- серијата апсења на политичари од висок профил на ВМРО и поранешни директори на државни претпријатија;
- премиерот Бранко Црвенковски посебно се зафати со непотизмот создавајќи Анти-корупциска комисија и барајќи од функционерите да дадат изјава за сопственоста и сметките. Во меѓувреме, претседателот Борис Трајковски повика на финансиски промени во партиите за да се елиминираат "валканите пари".

Јасно е дека владата се движи во правилна насока. Не е сигурно колку социјалдемократите ќе имаат волја да се надгледуваат себеси додека се на функции. Имаше неколку истакнати скандали за време на нивното владеење од 1992 до 1998 година и не е неразумно да се претпоставува дека ќе има повторно. Судството е озлогласено слабо и осетливо на политичко влијание. Дали уапсените членови на ВМРО ќе добијат фер и непартиско сослушување?

Прописите на државата остануваат фикција во многу од граничните простори каде што се концентрирани Албанците. АНА останува опасна карта во македонската политика, која не го прифаќа Охридскиот Договор.

# V. МЕЃУНАРОДНА КРИЗНА ГРУПА (INTERNATIONAL CRISIS GROUP) www.icg.org

## 1. "МАКЕДОНСКА ЈАВНА ТАЈНА: КАКО КОРУПЦИЈАТА ЈА ВЛЕЧЕ ЗЕМЈАТА НАДОЛУ"

Август 2002 година

Меѓународната кризна група во својот извештај нагласува дека корупцијата во Македонија е на особено високо ниво. Корупцијата не само го кочи напредокот на стопанството, туку таа и го храни организираниот криминал, поттикнувајќи ја со тоа политичката нестабилност, како и нестабилноста на целото општество. Оваа болест го инфицира и банкарскиот систем, како и структурите на власта, при што Македонија стана извор и транзитна точка на шверцувани стоки и на криминал. Системот ја поттикнува автократната администрација и удобно коегзистира со неефикасното и политизирано судство. Се храни со македонскиот морал, го исцрпува граѓанското општество, а поголемиот дел од населението ја плаќа цената.

За жал има многу малку показатели кои укажуваат на тоа дека меѓународната заедница е свесна за интензитетот со кој корупцијата ги поткопува нејзините фундаментални цели во Македонија. Повремено, високи меѓународни претставници ќе постават високи услови за Македонија да ги среди работите, но тоа никогаш не се случува сериозно. Опортунистички настроените странски инвеститори понекогаш само го влошуваат проблемот. Слабата меѓународна стратегија ги нагласува "процесот" и "градењето капацитети", (донесувањето на законите и обуката на службениците), како начин согласно кој ќе се "намалат можностите за корупција", меѓутоа во меѓувреме е направено малку од сето тоа за да се анализира зошто овој приод не дава значителни резултати.

Меѓународната кризна група смета дека е потребен еден драматично различен ментален склоп. Таа смета дека Македонија не е "само уште една земја во транзиција", туку суштински слаба држава со надворешни и со внатрешни предизвици по сопственото постоење. Тоа значи дека корупцијата наметнува посебна штета и дека, всушност Македонија може да има или голема корупција или стабилност, но никако и двете. Меѓународната заедница мора да внесе фундаментални промени во својот приод, таа мора да ја игра улогата на катализатор, а не само улогата на едноставен советник. Меѓународната заедница мора да ја условува својата финансиска помош со несрамежливо барање реформи, на тој начин што на своите антикорупциски напори ќе им даде ретроспективен и казнен фокус, а не само потенцијален и инструктивен.

## ПРЕПОРАКИ НА МЕЃУНАРОДНАТА КРИЗНА ГРУПА:

***<u>За македонската Влада и за политичките партии:</u>***

- Меѓународната кризна група им препорачува, како на нашата влада, така и на политичките партии да се посветат на борбата против корупцијата како на главен приоритет, со тоа што ќе ги прифатат меѓународните предлози и стратегии, вклучувајќи ги и оние што се наведени подолу, како и оние на граѓанското општество.

***<u>За главните меѓународни донатори, ЕУ, САД и меѓународните финансиски институции:</u>***

- МКГ препорачува да бидат свесни за улогата на корупцијата во потхранувањето на нестабилноста во Македонија и да ја прифатат лидерската улога во борбата против неа. Да изготват програми и стратегиски позиции што ќе се однесуваат на корупцијата од минатото, а не само на превентивата на идните епизоди. Да ја натераат македонската Влада да се согласи со поставувањето меѓународни "чувари", кои би работеле во Фондот за здравствено осигурување, Царинската управа, Обвинителството и во Судството. Да ја условат финансиската помош за Владата, особено за платниот

билансе како и поддршката на буџетот, со сериозна реформа против корупцијата и да работат заедно со Владата на изготвувањето на реалните репери за оценување на добрата волја, но и на ефективноста;

- Да се обезбеди финансиска поддршка за новоформираната владина Комисија против корупцијата. Да се изврши притисок за да се донесе законодавство со кое што би се ограничил делокругот на партиите, така што кога се на власт да не можат да именуваат лица врз основа на политичката припадност, туку врз основа на компетентноста и стручноста и
- Конкретен предлог за ЕУ е да се постави Советник против корупцијата на Европската унија во Македонија, кој би ја дополнил работата на Специјалниот претставник на ЕУ.

## 2. "МАКЕДОНСКИОТ ПАТ КОН ОДРЖЛИВОСТА: НОВ БЕБЕДНОСЕН ПРИСТАП ЗА НАТО И ЕУ"

Ноември 2002 година

Меѓународната кризна група во извештајот изготвен за моменталната ситуација во Македонија, меѓу другото, изборите кои се одржаа на 15 септември 2002 година ги оцени како високо демократски чин кој сугерира дека земјата можеби ја помина препреката на патот кон стабилноста. Покрај тоа што измамата и насилството не се материјализираа, избрана е влада која го прифаќа Рамковниот договор, склучен под покровителство на ЕУ, САД и НАТО, во Охрид во август 2001 година, со цел да се стави крај на започнатата граѓанска војна. МКГ е задоволна што Али Ахмети, поранешниот лидер на бунтовниците стана лидер на албанска партија и покажува подготвеност за соработка. Премиерот Црвенковски одамна ги прифати политичките ризици што произлегуваат од поддржувањето на контроверзниот пакет концесии за Албанците во Рамковниот договор. Во изненадувачки непречени преговори, македонска-

та коалиција на чело со социјалдемократите склучи аранжман за поделба на власта со припадниците на албанската партија, кои порано беа етикетирани како терористи.

Меѓународната кризна група меѓутоа истакнува дека сé уште постојат голем број на причини за загриженост. Големи делови на територијата каде што е доминантно албанското население сé уште се надвор од контролата на спроведувањето на законот. Населението воопшто е ранливо, а полицијата се плаши за сопствената безбедност. Организираниот криминал и купиштата оружје, особено во недоволно контролираните гранични области, доведоа до тоа, значителен дел од земјата да биде под ризик. Недовербата помеѓу етничките заедници и понатаму останува реална опасност за безбедноста во државата.

Македонските внатрешни безбедносни институции, полицијата и армијата се слаби, во основа нереформирани и се потпираат врз застарени тактики што поттикнуваат недоверба и ја заслабнуваат ефективноста. Во меѓувреме, демнее опасноста од дестабилизација на Македонија, особено од организираниот криминал, од албанските екстремисти базирани во Косово или оние кои ги изгубија изборите.

Вистинскиот напредок кон политичката стабилност и внатрешната безбедност главно се должи на исклучителната соработка остварена помеѓу НАТО, САД и ЕУ, уште од првите денови на кризата. Военото присуство на НАТО силите со своите мисии, " Килибарни лисици " и " Сојузничка хармонија" е од особено значење и е сеуште неопходно во државата. Македонските лидери се свесни за придонесот на НАТО, но и за сопствените безбедносни ограничувања. Тие јасно укажуваат дека не сакаат ниту постојана зависност, ниту притаен протекторат, туку продолжена времена помош се до воспоставувањето целосна контрола и владеење на законот и редот низ целата земја. ЕУ сака да се задржи меѓународното безбедносно присуство и да ја преземе таа одговорност што е можно поскоро. Ова би било важно и би било повик за натамошен развој на европската безбедност и одбранбена политика – убедувачки показател

дека Брисел е сериозен во намерата да одигра поголема безбедносна улога во врска со интегрирањето на Македонија, но и на целиот Западен Балкан, во европските институции.

Меѓународната заедница треба да продолжи да и помага на Македонија во периодот на транзиција, независно дали тоа ќе го стори преку НАТО или преку ЕУ. Оттука НАТО треба да остане додека ЕУ не се подготви да ги преземе безбедносните функции. Особено сега, ЕУ и НАТО треба да дејствуваат во тандем за да ја пополнат празнината кај контролата на границите, веројатно највиталното безбедносно прашање, со тоа што ќе распоредат и ќе штитат поголем контингент на ЕУММ по должината на ранливите граници со Косово, Србија и со Албанија.

## ПРЕПОРАКИ НА МЕЃУНАРОДНАТА КРИЗНА ГРУПА:

***За главните меѓународни донатори, ЕУ, САД и меѓународните финансиски институции:***

- да продолжат да обезбедуваат времена безбедносна помош за Македонија, особено со одржување на мал воен состав во земјата, се додека таа не биде во состојба да преземе целосна и ефективна контрола и додека не се воспостави владеење на законот и редот на целата територија и

- НАТО и ЕУ да продолжат да работат на развивање на Македонија во Центар за Регионална безбедносна соработка. Да се зголеми бројот на набљудувачите на ЕУММ распоредени по должината на границите на Македонија. Да се подобри координацијата меѓу Европската комисија и ОБСЕ на проектите за реформа на полицијата.

## 3. "САМИТОТ ВО СОЛУН И ПО НЕГО: АГЕНДАТА ЗА БАЛКАНОТ НА ЕУ"

20 Јуни 2003

Според извештајот на МКГ изработен непосредно пред одржувањето на Самитот на ЕУ во Солун, постои реален ризик за обесхрабрување на реформаторите и одалечување на Западниот Балкан од ЕУ, освен ако европските политики спрема Балканот суштински не се интензивираат. Оценките на МКГ за влезот на земјите од Западниот Балкан во ЕУ се следниве: оптимистичка варијаната за влез на Србија и Црна Гора во Унијата – заедно или одделно, најрано би било можно во 2010 година. Истото важи и за Македонија и Албанија под претпоставка дека апсолутно сé ќе се одвива како што треба. 2015 е годината кога Босна би можела да велезе во ЕУ, а исто така и Косово, доколку постане независно. Најдобри шанси и се даваат на Хрватска, за која се предвидува дека би можела да биде примена во ЕУ најрано во 2007 година.

Ефективната стратегија за стабилизација на Западниот Балкан и неговата интеграција би требало да се базира на повеќе елементи кои се истакнати во извештајот, со препорака дека на секоја од државите треба да ѝ се овозможи да чекори по својот пат, без да се чувствува дека е задржувана во интегративниот процес од бавноста на останатите. Тие елементи се следните:

- гаранција дека земјите од овој регион ќе бидат добредојдени во ЕУ тогаш кога поставените критериуми ќе бидат исполнети;
- на државите треба да им се понуди статус на асоцијативни членки;
- финансиската поддршка би требало да се зголеми, така што земјите од Западниот Балкан не би заостанале зад сегашните кандидати за влез во Унијата;

- помошта за регионот би требало да биде врзана за јасна програма, која би била спроведена во партнерство помеѓу ЕУ и самите земји. Европското партнерство треба да биде применувано флексибилно, во соработка со централните, регионалните и локалните власти, во зависност од потребите;
- на земијите од Западниот Балкан треба да им биде дадена опција за царинска униија со ЕУ;
- потребно е воведување на "твининг" аранжмани со владите на овие земји, користејќи ги досегашните позитивни искуства;
- членките на ЕУ би требале да дадат придонес кон олеснување на визниот режим за државјаните на балканските земји и
- ЕУ треба да продолжи со градењето на својата безбедносна улога на Балканот – пред се со својата воена мисија во Македонија, како и со полициската мисија во Босна.

## 5. "ДАЈТЕ ИМ ГО НА БАЛКАНСКИТЕ ДРЖАВИ СООДВЕТНОТО МЕСТО ВО ЕВРОПА"

Коментар на Марти Ахтисари за International Herald Tribune, 6 јуни 2003 год

Во својот осврт за интеграционите процеси во Европа Ахтисари го застапува ставот дека историскиот проект за интегрирање на Европа нема да биде комплетен се додека петте нации на Западниот Балкан – Албанија, Босна, Хрватска, Србија и Црна Гора и Македонија не се интегрираат во Унијата. Но, додека Европската комисија вели дека нивното евентуално членство е неизбежно, за Ахтисари овие ветувања изгледаат не сосема искрени. Според него постои опасност да се дозволи овие земји премногу да заостанат зад нивните идни европски партнери. Дури и во самиот регион, разликите помеѓу земјите се зголемуваат со процесот на примање на помош од страна на Унијата за структурните реформи на Романија и

Бугарија како подготовка за нивното пристапување во ЕУ. Ваквите јазови претставуваат закана за сите.

Според Ахтисари, она што е потребно на европскиот Самит во Солун е јасна визија за местото на балканските држави – нивното место е во Унијата. Иако е сé уште рано да се здобијат со формален статус на кандидати за членство, неопходно е да се обезбедат програми кои ќе ја зајакнат социјалната и економската кохезија на континентот. На регионот му е неопходна финансиска поддршка, не како хуманитарна помош или средства за реконструкција, туку за решавање на подлабоки структурни проблеми, како ниското земјоделско производство, деиндустријализацијата и слично. Следниот сигнал за придонесот на Европа за интегрирањето на регионот би било олеснувањето на визниот режим за овие земји, како што тоа беше направено со Хрвтска.

Сепак, тврди Ахтисари, ваквите предлози наидуваат на опозиција во Европа. Некои држави членки, како и некои членови на Европската комисија веруваат дека може да се извлечат со тоа што ќе понудат засилен политички дијалог, парламентарна соработка, поддршка во градењето на институции и програми за размена на студенти. Ова, според него, едноставно не е доволно.

Без постојан економски раст, долгорочна стабилност и демократија на Балканот не е возможна. Минималистичкиот приод ќе овозможи само континуирано прелевање на организираниот криминал, миграцијата и трговијата со луѓе преку границите внатре во Унијата.

Став на Ахтисари е дека, европските лидери и европската јавност мора да разберат дека интеграцијата на Балканот преставува најдобар пат кон мирот и просперитетот на континентот. Со една далекугледна политика, којашто би ги третирала Албанија, СЦГ, Хрватска, Босна и Македонија на истиот начин како што сега се третираат Бугарија и Романија, ќе се овозможи стабилизација на овие држави, и во исто време тие ќе се поставaт на правиот пат кон полноправно членство во ЕУ.

## 6. “МАКЕДОНИЈА: НЕМА ВРЕМЕ ЗА ЗАДОВОЛСТВО”

23 октомври 2003 година

Меѓународната кризна група преку овој редовен извештај во целост ја оценува безбедносно-политичката, како и економската состојба во Република Македонија за периодот од ноември 2002 - октомври 2003 година.

Основен заклучок на МКГ е дека, Ррепублика Македонија е далеку од “успешна приказна” на Балканот, како што некои ја претставуваат. Имено, Македонија, според последните анализи на МКГ, претставува пост-конфликтна држава со потпросечни перформанси, висок степен на ризик, која е неспособна да се соочи со безбедносните предизвици како на операционално, така и на политичко ниво, без да ја доведе во прашање рамнотежата на меѓуетничките односи. Натаму, заклучува МКГ, слабиот политички менаџмент и високиот степен на криминалитет генерираат подеднакво слаба економија од една, и од друга страна силно изразена корупција, кои драстично ја дестабилизираат земјата.

Иако МКГ не го негира прогресот остварен од страна на новата влада, сепак истакнува дека истиот е реализиран по однос на симболични прашања, додека суштинските реформи отсуствуваат. Реформите во безбедносниот сектор, во сферата на децентрализацијата на државната власт, како и вработувањето на припаниците на албанското малцинство во јавната администрација – сите клучни делови од Рамковниот договор – не ги покажаа очекуваните резултати. Борбата против корупцијата, исто така не се одвива со задоволително темпо. Едно е сигурно, а тоа е дека ваквите “квалитети” нема да придонесат за побрза интеграција на Македонија во евроатлантските структури.

## ПРЕПОРАКИ НА МЕЃУНАРОДНАТА КРИЗНА ГРУПА:

***Општи препораки***

- спроведување на Рамковниот договор во корист на сите граѓани, а не истиот да се третира како можност за давање концесии на етничките Албанци;
- Албанците да го почитуваат државниот авторитет, да ги подмируваат финансиските, како и сите останати обврски кон државата.

***Безбедносен сектор***

- воената мисија на ЕУ – "Конкордија" да не ја напушти Македонија во декември 2003, туку да го продолжи својот мандат сé до воспоставувањето на мисијата "Проксима";
- да се интензивира соработката помеѓу "Конкордија" и АРМ;
- Владата на Република Македонија да воспостави стандарди на комуникација и консултација во насока на имплементирање на НАТО стандардите при спроведувањето на реформата на Армијата;
- редовно консултирање на ДУИ за сите безбедносни операции во државата;
- акцент да биде ставен на подобрување на перформансите на полицијата, со цел да се неутрализирааат следниве нејзини слабости: ниско ниво на комуникација, координација; централизирана контрола; лошо организирани мултиетнички тимови и др. и
- НАТО да се погрижи Македонија да биде опфатена со следниот бран на проширување на Алијансата.

## ***Економија***

- креирање на интерминистерско тело кое ќе има задача да им помогне на странските инвеститори да ги надминат административните бариери;
- ЕУ да го олесни рестриктивниот виза режим, како би се спречило невработеноста на Балканот да стане извор на регионална нестабилност.

## ***Корупција***

- Светската банка, ОБСЕ и Европската комисија треба да ја преземат водечката улога во борбата против корупцијата и во процесот на судската реформа, обезбедувајќи поголема материјална и политичка поддршка за Комисијата за антикорупција, и тоа преку притисок врз Владата и Собранието да ја прифатат нејзината програма, а приоритетот да биде ставен на спроведување на препораките за обезбедување на независно судство, пред сé на формирање на нова институција која ќе го замени исполитизираниот Републички судски совет и
- Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд треба да ја партиципираат опасноста од прилив на операциите поврзани со перење на пари од Кипар во Македонија, веднаш по пристапувањето на Кипар во Европската унија.

## ***Политички односи***

- САД треба формално да ги предупредат претседателот и потпретседателот на ДПА Арбен Џафери и Мендух Тачи, претседателот на ПДП Абдулменаф Беџети, како и сите останати што ја поддржуваат идејата за етничка сепарација и се спротивставуваат на Охридскиот договор дека нивните натамошни активности ќе бидат подложени на будна и рестриктивна контрола од нивна стра-

на. МКГ, натаму, им препорачува на европските политички партии да ги исклучат и екскомуницираат од Советот на Европа сите партии и индивидуи кои пропагираат екстремистичка реторика и активности.

***Образование***

- приоритет во образованието треба да им се даде на младите Албанци и Албанки, преку поттикнување да оформат високо образование, посебно на новоформираниот Тетовски Универзитет, кој треба да се врати во законски рамки и да се стабилизира.

***Застапеност на етничките Албанци***

- посебно внимание да се посвети на ангажирањето на етничките Албанци во безбедносните структури, и тоа во: Армијата на Република Македонија (особено во специјалните единици), Министерството за внатрешни работи и разузнавачките агенции.

***Подобрување на интеретничките односи***

- Министерството за внатрешни работи да постави рок, во рамките на кој ќе бидат изнесени сите информации во врска со исчезнатите Македонци од конфликтот од 2001 година, а потоа МВР да ги обелодени сите информации за исчезнатите Албанци;
- Владата да состави конечна листа на осомничени за воени злосторства и да ја достави до Хаг и
- да се обезбедат средства и од други извори, кои заедно со Европската агенција за реконструкција ќе работат на реставрација на религиозните објекти под директна на контрола УНЕСКО.

# VI. ДОЈЧЕ ВЕЛЕ (DEUTSCHE WELLE) - www.dw-world.de

Во освртот од 23.06.2003 година "German Press Rewiew: Balkans Not Ready for the EU" изнесени се коментарите на повеќе релеватни германски весници за подготвеноста на земјите од Балканот за скорешен влез во ЕУ.

Die Tageszeitung од Берлин пишува дека нудењето на полноправно членство во ЕУ ќе ги интензивира реформите во регионот, меѓутоа процесот на интегрирање би траел подолго, околу десет или петнаесет години. Весникот смета дека влегувањето на Бугарија, Романија и Хрватска во ЕУ во 2007 година е утопија. Сепак, интеграцијата на Балканот во ЕУ мора да се случи, со што тој би престанал да биде камен на сопнување на Унијата.

Neue Osnabrücker Zeitung, пак пишува дека со исклучок на Хрватска, би било неодговорно да се прецизира конкретен термин за групата држави со нерешени проблеми, од кои некои се карактеризираат како експлозивни. Македонија, Албанија и Косово мораат прво да ги неутрализираат "националистичкките структури на моќ во регионот". Сличен став има и Frankfurter Rundschau кој предлага ЕУ да се концентрира на централните проблеми, наместо да си игра со илузии ставени на хартија. Решавањето на косовското прашање би било добар почеток, пишува весникот.

Во текстот "Balkans Remain an Explosive Region, Report Warns" објавен на 11.12.2002 година е застапен ставот дека, иако Европа се подготвува да превземе поголема одговорност за својот "заден двор", Балканот сепак останува "опасно експлозивно подрачје". На Балканот постои опасна мешавина од социјални тензии, политичка корупција и етнички и религиски поделби, особено во Македонија, Босна, Србија и Косово која претставува фактор на дестабилизација на Југоисточна Европа како целина. На Балканот му треба повеќе помош од страна на Унијата, и тоа во секој

поглед. Без брзи напори за подобрување на состојбите, регионот ќе стане рај за трговците со дрога и бело робје, како и за исламските милитантни мрежи. Сиромаштијата исто така ќе предизвика зголемување на нивото на миграција. Запоставувањето на овие проблеми ќе има дестабилизирачки последици врз цела Југоисточна Европа.

# VII. АТИНСКИ ВЕСТИ (ATHENS NEWS) – www.athensnews.gr

## 1. “ПАТОТ НА БАЛКАНОТ КОН ЕУ Е ТРАСИРАН”

Џорџ Џилсон

27 јуни 2003 година

Оваа статија е објавена непосредно по завршувањето на Самитот на Европската унија во Порто Карас и ги обработува коментарите, изјавите и случувањата за време на самитот, кои директно се поврзани со интеграцијата на Западниот Балкан во ЕУ, а индиректно и со Република Македонија и нашата желба за пристапување кон европското семејство.

Текстот, во основа, ја пренесува пораката на европските дипломати која веќе подолг период се пласира од Брисел, а таа е следнава: “местото на државите од Западниот Балкан, на долг рок, е несомнено во Европската унија” или како што би рекол претседателот на Европската комисија Романо Проди: “процесот на унификацијата на Европа нема да биде комплетиран сé додека државите од Западниот Балкан не станат членки на Унијата”. Значи ако се раководиме според правилата на логиката, заклучот кој се изведува од горепрезентираните политички пораки е дека и Македонија, кога тогаш, ќе стане составен дел од Европската унија.

Меѓутоа, текстот се осврнува и на другата страна на медалот. Секоја држава, аспирант за влез во ЕУ, мора да ги исполни строгите критериуми на Унијата. Тие се услов за членување во истата, со тоа што Унијата не инсистира на колективно и истовремено исполнување на критериумите, туку го промовира ставот дека секоја држава индивидуално е одговорна за темпото и начинот согласно кои ќе ги остварува реформите. Што побргу, тоа подобро.

**Сето ова важи и за Македонија. Значи исклучиво од нашите способности и можности зависи за колку време ќе стигнеме до Европа – тоа е пораката на оваа статија.**

# VIII. ГАРДИЈАН (THE GUARDIAN) - [www.guardian.co.uk](http://www.guardian.co.uk)

## 1. "МАКЕДОНСКАТА РАБОТА"

Дејвид Камерон, коментар за Гардијан по неговата посета на Скопје,
30 септември 2003 година

Камерон текстот го започнува со коментирање на македонско – грчкиот спор околу името. Тој наведува дека причина за долгото име на Македонија (ФИРОМ) се поплаките на Грција дека постои регион внатре во Грција кој се вика Македонија и дека не може да постои одделна независна држава со истото име. Ова Камерон го оценува како екстремно и грубо однесување. Според него, Грците имаат сопствена татковина, сопствено име и се финансиски помагани од Унијата од нивното приклучување, па до сега. Македонците, пак, неодамна излегле од комунизмот и немаат виртуелно ништо. Уште повеќе, Албанците сонуваат за инкорпорирање на поголем дел од Македонија во "Голема Албанија", а Бугарија гледа на Македонија како дел од "Голема Бугарија".

Според Камерон, државата, која тој е цврсто решен да ја нарекува само "Македонија" има совршено право да постои. Популацијата во земјата е составена главно од Македонци, со посебен јазик, култура и историја. Таа е посиромашна од повеќето републики кои беа составен дел од Југославија, но е побогата од Албанија. Како одговор на однесувањето на Грција, Камерон истакнува дека отсега "ценетиот ЕУ партнер" ќе го нарекува "поранешна отоманска сопственост Грција".

Македонија можеби е мала земја со околу 2 милиони жители, пишува Камерон, меѓутоа, таа е еден од клучевите за стабилноста на Балканот. Големиот конфликт е избегнат преку дијалог, инволвирање на меѓународната заедница и со здрав разум од македонскиот народ, кој им даде поддршка на политичките лидери при потпишувањето на Охридскиот

рамковен договор со кој на Албанците им беа дадени великодушни малцински права. Според Камерон, конфликтот можел да биде многу поголем и покрвав, со помагање на етничките Албанци од страна на Албанија, како и поддршка од Србија на нејзините “христијански браќа”, Македонците, и со опасност за вовлекување на Бугарија и Грција во било какви територијални расправи.

Потоа Камерон го дава одговорот на прашањето “Што треба да се направи со Македонија за да се одржи стабилноста во регионот?”. Според него одговорот е едноставен. Македонија треба да биде примена во НАТО и треба да се гарантира сигурноста и непроменливоста на нејзините граници. Потоа, осигурување на рамка за побрз влез на Македонија во ЕУ, со што ќе може да ги користи придобивките од слободната трговија и структурните фондови. Исто така, според Камерон меѓународната заедница треба да остане инволвирана во регионот, што е од клучно значење за неговата стабилност – доколку на Македонците им се даде мир тие ќе го постигнат својот просперитет.

## 2. “ЗАСПАНИ НАД ВОЛАНОТ ВО КОСОВО”

Миша Глени

9 септември 2003

Коментар кој уследи по акцијата на македонските безбедносни сили против паравојниците на Албанската национална армија, настан кој следеше една недела по насилствата на АНА во Македонија, смртоносниот напад врз група на српски деца кај реката Бистрица во Косово и по оружените судири меѓу АНА и полицијата во Јужна Србија. Според Глени, иако ваквите случувања делуваат како инцидентите кои ги имаше во последната декада, на нив сепак би требало да се гледа како на нешто различно – како предупредување дека Косово сé уште не е контролирано и претставува опасност која може да експлодира.

Глени понатаму пишува дека процесот на трансформирање на нефункционалните држави или територии во функционални сега се одвива под погрешно и иритирачко име – "градење на нацијата". Меѓународната заедница е со такава цел на Косово, но УНМИК е сé уште далеку од етаблирањето на функционално општество. Главна причина за тоа, тврди Глени, е тоа што уште од крајот на војната Косово егзистира како уставен пекол – косовските албанци сакаат независност, а србите се против. Без јасна идеја за косовскиот финален статус, навдува Глени, е невозможно да се создаде безбедносен систем и внатрешни економски релации без кои никој не сака да инвестира таму. Така, економскиот живот во покраината се сведува на шверцување.

ЕУ и САД се согласни дека треба да превземат пред се политичка улога со цел долготрајна стабилизација на Балканот. Меѓутоа, пишува Глени, косовскиот јазол е во срцето на балканската мрежа во која се наоѓаат Македонија, Србија и Црна Гора, Албанија и Босна и Херцеговина. Стратегијата на ЕУ е на парчиња – фокусирана врз спогодба која значи дека земјите од поранешна Југославија, со исклучок на Словенија, можат многу малку да се надеваат на членство во Унијата во блиска иднина. Глени понатаму ја критикува Европската унија, тврдејќи дека иако има златна можност да раководи со решението на уставните прашања на Балканот, таа освен давањето на прва помош за раните нема стратегиска визија како да го изведе тоа. Европа постојано ги критикува САД за нивната политика на превентивни сили, но не нуди друга, подобра алтернатива.

Сега, наведува Глени, Европската унија има шанса еднаш засекогаш да го разбие балканското буре барут, како и да ја промовира супериорноста на европските пред американските вредности. Перспективата за сигурно членство во Унијата претставува моќен лост во Југоисточна Европа и може да го реши не само косовскиот, туку и другите проблеми. Според Глени, балканската политика на Европската унија предолго се наоѓа во рацете на бирократите. Балканот, заклучува Глени, може да биде голема

шанса доколку Европа сака да ја покаже својата визија – со негово целосно интегрирање.

## 3. “ПОСЛЕДНОТО ПАРЧЕ ОД ЕВРОПСКА СЛОЖУВАЛКА”, коментар на Крис Патен

19 јуни 2003

Со утврдувањето на европската вокација на петте земји од Западниот Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија и Србија и Црна Гора го утврдува бројот на идните членки на Унијата на околу 30. Според Патен, донесувњето на одлуки и со 15 членки во ЕУ е тешко. Што ќе се случи кога тој број ќе се удвои? Перспективата можеби е обесхрабрувачка, меѓутоа, пишува Патен, тоа е вистинската политика. Тој верува дека морално, политички и економски е правилно да им се посака добредојде на овие земји во Унијата. Се додека ова не се случи, ќе недостига парче во европската сложувалка, пишува Патен.

Вклучувањето на балканските држави во ЕУ е исто така и прашање за стабилноста на целиот европски контитнент. За вооружените судири на Балаканот во последната декада, Патен наведува дека не смее да се дозволи такво нешто повторно да се случи. Како што перспективата за членство во ЕУ им помогна во одржувањето на стабилноста на земјите од Централна и Источна Европа по колапсот на Советскиот Сојуз, така треба да се постапи и со земјите од сé уште ранливиот Балкан.

Според Патен, ваквиот потег не треба да биде прашање на алтруизам. Во интерес на Европа е – исто како и морален императив – да обезбедува стабилност и сигурност. Доколку Европа се обиде да ги отфрли народите кои по историја се Европејци, не само што ризикува нова железна завеса, туку ќе се соочи и со невиден притисок на нелегална имиграција, организиран криминал и недозволена трговија од секаков вид.

Задачата на ЕУ на самитот во Солун (коментарот е даден непосредно пред неговото одржување) е да разјасни две работи: дека идното членство на овие земји е реално, но со задолжително “ако” – тоа ќе биде реализирано само преку напорна работа и политичка волја на оние кои ја имаат моќта во регионот. Патот до Европа не е поплочен со добри намери, пишува Патен, туку со реформи кои ќе донесат вистински резултати, со вложување напори за усогласување на законодавството, либерализација на економијата, подигање на стандардите на владеење и апсорбирање на вредностите на демократијата, човековите права и владеењето на правото. Тоа е истиот пат кој со успех го изодеа новите партнери на ЕУ од централна и источна Европа. Сé уште постои долг пат до членство пред земјите од Западниот Балкан, наведува Патен, и покрај цврстата намера и силната верба, членството во Унијата треба да се заслужи.

# IX. КАТИМЕРИНИ (KATHIMERINI) – www.ekathimerini.com

## 1. “ЗАПАДНИОТ БАЛКАН – МАМКА ЗА ЕУ”

Спирос Пајиатакис

23јуни 2003 година

Овој текст не е од аналитичка природа, туку само ги синтетизира и пренесува ставовите и препораките на Европската унија во однос на државите од регионот што се нарекува Западен Балкан, а во врска со нивните аспирации за зачленување во Европската унија.

Според неодамна објавената стратегија на Европската комисија “иднината на сите европски земји е во Европската унија”. Значи и на оние замји кои се составен дел од Западниот Балкан. Но, не треба да се има илузии по ова прашање. Балканот ќе се интегрира во Унијата, единствено и само тогаш, кога државите од регионот ќе ги остварат критериумите од Копенхаген и кога ќе ги усогласат сопствените законодавства со законите на ЕУ ( околу 80. 000 страни регулативи и директиви). Побргу никако.

Авторот на овој текст пренесува уште една многу значајна порака од Порто Карас, а упатена до нас: “Запознајте се себеси. Иднината на Балканот во рамките на Европската унија е во Вашите раце”. Оваа порака треба да биде основата која би била надградувана со реформските зафати во овие држави, а со единствена цел - членство во ЕУ.

Иако ЕУ оценува дека значителен прогрес е остварен во спроведу-вањето на реформите, особено по Загрепската конференција од 2000 година, сепак Унијата инсистира на уште поинтензивна и поефикасна борба на државите против организираниот криминал и корупцијата и истите ги дефинира како непожелни структури на секое демократско општество кое се стреми кон полноправно членство во Европската унија.

## 2. “КРАЈ НА ‘МАКЕДОНСКАТА’ РАСПРАВА”

Теодор Колумбус, Аристотел Циамприс

11 јули 2003 година

По потпишувањето на Привремената Спогодба во септември 1995 година, со која се бајпасираше проблемот околу името помеѓу Грција и БЈРМ, се нормализираа билатералните односи во сите области, особено во економијата. Грчката бизнис заедница инвестираше повеќе од 460 милиони евра во БЈРМ, што создаде повеќе од 8000 работни места. Сега е времето да се разреши прашањето, ако не веднаш, тогаш секако по општите избори во Грција.

Обидот да се продолжи во недоглед со актуелното име БЈРМ треба да биде отфрлен и од Атина и од Скопје, поради потенцијалните проблеми за Грција. Прво, постои можност САД во брза иднина да ја признае БЈРМ како “Република Македонија” (во тој случај серија држави скоро сигурно ќе ја следат постапката). Во тој случај Грција ќе доживее понижувачки пораз, без никакви концесии за возврат од страна на БЈРМ. Со тек на времето, грчката влада ќе биде принудена да направи серија унилатерални усогласувања, губејќи потенцијални елементи за нагодување кои би можеле да помогнат да се обезбеди поприфатлиф договор за конечното име на БЈРМ. На пример, грчкиот парламент на 27 март 2003 го изгласа Договорот за Стабилизација и асоцијација на БЈРМ со ЕУ.

Иднината на БЈРМ конечно лежи во долгорочна интеграција во евро-атланските структури. Во овој контекст Атина и Скопје мора да изнајдат трајно решение на проблемот со името, на начин што ќе ги земе предвид не само политичките реалности и потенцијалните опасности, туку и чувствителностите на грчкиот народ кои се цврсто засновани врз реално историско и културно наследство.

# X. ВАШИНГТОН ТАЈМС (THE WASHINGTON TIMES) – www.washtimes.com

## 1. “БАЛКАНОТ СЕ ОБВРЗУВА НА СОРАБОТКА”

Тод Линдберг

30 септември 2003 година

Времињата на крвопролевање и омраза се завршени. На Балканот се отвара ново поглавје – поглавје на соработка и просперитет помеѓу државите кои произлегоа од бившата СФРЈ. Еден од доказите, кој ја потврдува решеноста за соработка и за надминување на мрачното минато, претставува Јадранската повелба, склучена помеѓу Република Македонија, Албанија и Хрватска. Таа претставува еден од модалитетите на регионална кооперација, што придонесува за прогрес на земјите од регионот. И не само тоа, Јадранската повелба е голем исчекор напред во процесот на евроатлантските интеграции на нејзините потписнички.

Интеграцијата на Западниот Балкан, според Тод Линдберг, треба да се одвива етапно. Прво треба да се интензивира регионалната соработка, следно е членството во НАТО и на крајот доаѓа зачленувањето во Европската унија. Во основа, НАТО се смета како прва фаза, бидејќи исполнувањето на критериумите за зачленување во ЕУ претставува долготраен и сложен процес кој подразбира огромен број реформи во огромен број на области. Северно-атлантската алијанса навистина е воен сојуз, но нејзината суштина не се сведува само на воените прашања. НАТО е организација која гарантира стабилност и безбедност, кои пак, од своја страна создаваат поволна клима за економски развој на државите.

Меѓутоа, клучното прашање кое се поставува е следново: дали визијата за цела и слободна Европа, која доведе до проширување на НАТО алијансата, како и што ќе доведе до проширување на Европската

унија за десет дополнителни членки, ќе го зафати и Балканот? Или можеби Европа ќе ги затвори своите граници и ќе му го сврти грбот на Балканот, оставајќи го на европската периферија, да се бори со сопствената сиромаштија и потенцијалните изливи на насилство и нестабилност?

# XI. ЕВРОПСКА ИНИЦИЈАТИВА ЗА СТАБИЛНОСТ (EUROPEAN STABILITY INITIATIVE) – www.esiweb.org

## 1. "ДРУГИОТ МАКЕДОНСКИ КОНФЛИКТ"

20 февруари 2002 година

Дискусионен материјал

Три проблеми ги создаваат рамките на конфликтот во Македонија:

- неразвиеноста на селата, што создава стапица на сиромаштијата за селското население. Ова влијае диспропорционално врз етничкото албанско население, кое е значително помалку урбанизирано;
- продолжената де-капитализација и недостатокот на инвестиции во социјалистичките индустрии, каде што структуралните реформи треба допрва да отворат патишта за алтернативен развој. Ова предизвикува растечка економска несигурност помеѓу етничките Македонци, кои уживаа привилегиран пристап до поранешните општествени претпријатија и до јавниот сектор, а сега се соочени со сé понеизвесни перспективи за вработување;
- недоволен капацитет на македонските јавни институции да се справат со овие проблеми, слаба администрација и растечка криза на јавната доверба во политичките елити.

Двете етнички заедници се натпреваруваат за намалениот дел од јавните ресурси. Албанските барања за еднаква партиципација во државата се гледаат како директна закана кон етничката македонска заедница. Истовремено, растечката економска несигурност на обете страни создава основа за дефект во соработката на меѓуетничката елита, која го карактеризираше јавниот живот во првата деценија по независноста. Ова создава

можности за нови актери кои се обидуваат да ги остварат своите интереси надвор од политичкиот процес.

Рамковниот договор ќе доведе до долгорочна стабилност само доколку е придружен со програми насочени кон изворите на несигурност, барајќи сериозно внимание за имплементирање на некои од поамбициозните аспекти на Договорот, поконкретно потребата за поефикасна локална самоуправа. По Рамковниот договор, македонската стабилност ќе зависи од поширока развојна стратегија која ќе се справи со причините за економската несигурност и ќе ја обнови довебата на јавноста во македонската држава. Алтернативата е континуирана ерозија на довербата во политичката класа, со што ќе се отежне задачата на справување со меѓуетничките проблеми.

Клучната препорака на извештајот е прво да се поддржи развојот, а потоа адаптацијата на нормите на ЕУ, како средства за забрзувањето на евроинтеграцијата.

## 2. “ПАТ ЗА СОЛУН: КОХЕЗИЈА И ЗАПАДЕН БАЛКАН”

12 март 2003 година, Берлин

Со прекројувањето на политичката и економската мапа на Европа за 2004 година, постои сé поголем страв помеѓу земјите од Западен Балкан дека ќе бидат оставени на маргините на новата и интегрирана Европа. Постои ризикот дека, наместо да го достигнат остатокот од континентот, земјите од Западен Балкан уште повеќе ќе заостанат.

Вистинскиот предизвик е да се зголеми учинокот на европската помош кон Западен Балкан со тоа што би се воведеле нови стратегии за помош, засновани врз лекциите и техниките на Европската политика за развој на регионот. Јавната администрација од регионот, која е длабоко во

авторитарната традиција на политика на развој "од врвот надоле", мора да ги научи новите техники за давање поткрепа на развојот во пазарни услови.

Овој документ дава предлог: на самитот во Солун во јуни 2003 година ЕУ формално да го инкорпорира принципот на кохезија, како водечки принцип на политиката на ЕУ кон овој регион, проширувајќи го Процесот на стабилизација и асоцијација со вклучување додатни облици на претпристапна помош.

Тоа значи дека земјите од Западен Балкан треба да се третираат како претпристапни кандидати без обврска да се отворат преговори за членство сé додека не се востанови дека тие се погодни за тоа од страна на Европската Комисија врз основа на нивните поединечни заслуги.

Ширењето на овој статус врз Западниот Балкан би решило извесен број тензии кои сочинуваат битен дел од моменталната стратегија на ЕУ кон регионот. Тоа би помогнало да се спречи понатамошното пропаѓање на овој регион во однос на основните развојни цели на европската интеграција. Овозможувајќи им пристап кон претпристапната помош додека се сеуште во процесот на стабилизација и асоцијација, би осигурило брзи поттикнувања да развијат сопствени алати за регионален развој, додека би им се осигурила техничка и финансиска помош за почеток на решавањето на своите структурални економски проблеми.

ЕУ треба да биде загрижена дека нејзината моментална стратегија можеби создала поттици за другите земји од регионот (освен Хрватска) да ги предадат своите барања за членство што е можно побрзо, за се избегне пропуштањето на возот кон пристапувањето, што би значело останување во "поширока Европа" која нуди малку перспективи. Таквото брзање кон формално пристапување би довело до ризик од поткопување на процесот на стабилизација и асоцијација.

# XII. DIE ZEIT – www.zeit.de

## 1. “НЕ БИДЕТЕ СКРЖАВИ”

Франц Враницки

март 2003 година

Ако Европа сака трајна стабилност, мир и благосостојба и не сака да ги ограничи овие цели само на сигурните кандидати за прием во ЕУ, тогаш ѝ е потребно “столетие на Југоисточна Европа”. Стопанската моќ на земјите од регионот е мала, општествениот производ на 55 милиони луѓе кои живеат во овие земји е помала од општествениот производ на Холандија. Сепак, регионот има големи потенцијали, поради ниските трошоци на производството во овие земји, добро обучената работна сила и близината до пазарот на ЕУ. Освен тоа, регионот помеѓу Јадранското и Црното Море претставува атрактивно туристичко подрачје.

За прилив на странски инвестиции во регионот се потребни посигурни приватни банки, патни мрежи, но и свест на граѓаните на ЕУ дека се потребни големи политички и финансиски напори за обновата на овие земји. Политичкото содејство на САД е добредојдено, но Балканот ѝ припаѓа на Европа и неговата политичка и стопанска обнова треба да биде работа на ЕУ.

На регионот му се потребни сопствени установи кои ќе знаат да ги искористат средствата што доаѓаат однадвор. На Албанија во 1997 година ѝ беше наменета помош од 1.5 – 1.7 милијарди долари, но поради непостоењето соодветна инфраструктура, голем дел од парите остана неискористен. ЕУ мора да се подготви за долгорочен ангажман на Балканот, а жителите на регионот на тоа дека нивната ситуација не може да се подобри веднаш.

# XIII. РАДИО СЛОБОДНА ЕВРОПА (RADIO FREE EUROPE / RADIO LIBERTY) – www.rferl.org

## 1. “БРИСЕЛ ГИ КОРИСТИ ОЧЕКУВАЊАТА И ПЛАНОВИТЕ ЗА ЧЛЕНСТВО СО ЦЕЛ ДА ГИ ПРИДОБИЕ И ЗАБРЗА РЕФОРМИТЕ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН”

Ахто Лобјакас
29 јануари 2003 година

Секој претседавач со Европската унија настојува максимално да го искористи својот мандат од шест месеци, а едно од главните прашања на кои се фокусира е привлекување на што поголемо внимание кон сопствениот регион, тврди Атхо Лобјакас. Финска и Шведска ја развиваа северно-европската димензија, додека Шпанија и Португалија ревносно заговараа ангажман на земјите од јужниот брег од Средоземното море. Следејќи ја оваа насока Грција и Италија, за време на своите мандати, се обидуваат да обезбедат поддршка на земјите од Западен Балкан.

Според авторот на овој текст овој процес се разликува од претходните, во тоа што за разлика од останатите европски соседи петте земји од Западен Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија и Србија и Црна Гора беа оценети како земји со сигурен потенцијал за членство во Европската унија. Со оглед на овој факт на Грција и Италија им преостанува да ја поттикнат ЕУ да премине од состојба на неодредени ветувања на дело, т.е. да им испрати “моќна порака” како поддршка на нивните амбиции за членство и “осветлување на патот кој треба да го следат”.

Слабата точка на оваа стратегија е членството на Хрватска, смета авторот. Имено, никој сериозно не се спротивставува на идејата за член-

ство на Хрватска во Унијата, но на останатиот дел од регионот му се неопходни политички и економски реформи.

Кога грчките и италијанските претставници зборуваат за потребата од израмнување на основните вредности на земјите од Западен Балкан со оние на ЕУ, останатите не се срамат да истакнат колку всушност е сеуште див овој регион.

Авторот на овој текст ги анализира ставовите на министрите за надворешни работи околу горенаведеното прашање и заклучува дека голем број европски министри препорачуваат претпазливост кон сегашното ниво во однос на опасноста од грешки со овој блок.

Британскиот заменик-министер за надворешни работи, Денис Мекшејн, истакнува дека “корупцијата и организираниот криминал кои доминираат во овој регион не се само внатрешен проблем на регионот туку претставуваат директна закана за ЕУ”. Загриженоста на Мекшејн, ја делат и други министри, кои истакнуваат и други проблеми во регионот, како што се враќањето на бегалците, признавање на постоечките граници, цивилна контрола на изградба и јакнење на институциите.

Холандскиот министер за надворешни работи, изјави дека односите помеѓу Западен Балкан и Европа треба да преминат од “еден внимателно подготвен чекор” во друг само доколку бидат исполнети сите услови содржани во претходниот првиот.

Голем број европски министри имплицитно или експлицитно го отфрлаат грчко-италијанското гледиште дека регионот на Западен Балкан треба да се разгледува како еден ентитет.

Германскиот заменик-министер Ханс Мартин Бари смета дека ЕУ треба да го примени на Западен Балкан т.н. “regatta principle” кој ги истакнува односите со десетте земји кандидати кои очекуваат влез во ЕУ следната година.

Истиот став го поддржуваат и скандинавските министри. Имено, министрите за надворешни работи на Шведска, Данска и Финска изјавија дека го поддржуваат пристапот кој ќе им овозможи на секоја од петте “потенцијални кандидати” да го продолжи процесот со сопствено темпо.

Данскиот министер исто така ја предупреди ЕУ да не подлегнува на искушението на апстрактните програми, истакнувајќи дека ЕУ треба да ја остави “отворена вратата” за балканските земји, но “без слободен влез и евтини билети”.

## 2. “ИСТРАЖУВАЊАТА ПОКАЖУВААТ ДЕКА ГЛЕДИШТАТА ВО ЕВРОПА НЕ СЕ СЕКОГАШ ПОЗИТИВНИ ВО ОДНОС НА НОВИТЕ КАНДИДАТИ”

Брифни Рурк

29 јануари 2003 година

Во овој текст се анализираат податоците од најновите истражувања на мислењата во Европа околу проширувањето на Европската унија. Според овие податоци граѓаните на западноевропските држави имат мошне различни гледишта околу пристапувањето на земјите од Централна и Југоисточна Европа во Европската унија. Унгарија има најголем број приврзаници за членство во Унијата, додека балканските држави Албанија, Југославија, Македонија и Босна и Херцеговина се последните на листата. Само една третина од граѓаните на западна Европа допуштаат балканските држави да станат членки на Европската унија. Според податоците од истражувањата на главната германска компанија за истражување на јавното мислење само 10% од Германците го одобруваат членството на балканските држави во Унијата.

Аналитичарот Питер Ѕервакис од Бон смета дека демократскиот дефицит околу прашањето за проширува не е нов: “Проектот на Унијата за модернизација на европскиот континент отсекогаш претставувал ели-

тистички проект. Тој повеќе или помалку се решавал зад затворени врати во дипломатската арена”. Ѕервакис смета дека аргументите во прилог на проширувањето секогаш им изгледале апстрактни на европските граѓани и ги збунувале и вознемирувале.

Марк Хофманс, претставник на германската фирма за истражување на јавното мислење во новите податоци гледа пораст на оптимизмот во Европа околу ова прашање. Резервираноста на Германците тој ја објаснува со релативно лошата економска состојба во Германија во дадениот момент, но истакнува дека другите европски граѓани како на пример Данците, Финците и Швеѓаните имаат мошне позитивни коментари за иднината на Европа.

## 3. “ВИЛНУС ГРУПАТА ГИ ПОДДРЖУВА САД ЗА ИРАК”

Џефри Донован

6 февруари 2003

На 5 февруари 2003 година земјите кои ја сочинуваат Вилнус групата (Албанија, Бугарија, Македонија, Хрватска, Естонија, Латвија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија) заеднички пледираа за поддршка на американската политика кон Ирак. Членките на оваа група исто така ја изразија својата подготвеност да ѝсе придружат на коалицијата за разоружување на Багдад. Во овој текст се разгледуваат последиците од оваа одлука врз развојот на односите односите помеѓу европските држави и евентуалната поделба на “нова” и “стара” Европа, што пак може да има понатамошни последици врз проширувањето на Унијата.

Тед Гален Карпентер, аналитичар од Cato Institute, за Радио Слободна Европа изјави дека цврстото про-американско стојалиште на земјите од Југоисточна Европа може да ги повреди аспирациите на некои земји за членство во ЕУ. “Сметам дека оваа ситуација ќе ги направи Франција и Германија крајно сомнителни. Француските и германските

претставници се сомневаат веќе подолго време - со добра причина - дека причините поради кои САД се толку ентузијастички настроени околу проширувањето на НАТО и Европската Унија се темелат на тоа дека овие земји во најголем дел се американски застапници и во двете институции. Тоа нема повеќе да резултира со проширување сметаат Французите и Германците”.

## 4. “ИСТОЧНО-ЕВРОПСКИТЕ ЗЕМЈИ ЈА ПРЕДВОДАТ ШИРОКАТА ПОДДРШКА НА САД ЗА ИРАК”

Брифни О’Рурк

19 март 2003 година

Овој текст го анализира влијанието на поддршката што ја дадоа земјите од Централна и Југоисточна Европа на САД во војната против Ирак врз процесот на проширување на Европската унија т.е. дали врските помеѓу европските држави ќе бидат во голема мера нарушени поради несогласувањето околу Ирак.

Антони Камински, аналитичар при Институтот за политички науки во Варшава смета дека “ова е манифестација на централно европската опозиција да се доведува во прашање транс-атланскиот однос”. “Ова не е толку прашање на поддршка на американската политика во однос на Ирак, туку е повеќе израз на поддршка на американското присуство во Европа и е одраз на загриженоста на политичките лидери на поранешните комунистички земји околу сојузништвото помеѓу Москва, Берлин и Парис”, смета Камински.

На прашањето дали поддршката на САД од страна на Полска, Унгарија, Словачка, трите балтички републики, како и Романија, Албанија и Македонија ќе влијае на процесот на проширување и интегрирање на Европската унија, аналитичарите најчесто состојбата ја оценуваат како сериозна, но не и постојана.

Џејмс Волстон, професор по политика на Римскиот американски универзитет, истакнува дека “оваа состојба не зборува многу за процесот на европската интеграција, туку дека е само израз на несогласување на европските држави околу ова прашање, па не може ниту да се толкува како анти-европски став. Тој смета дека по завршувањето на кризата, дневната политика ќе ги обнови врските и ќе ги подобри односите помеѓу европските држави.

## 5. ЕУ: ДАЛИ БРИСЕЛ ЌЕ ОСТАНЕ ФОКУСИРАН НА БАЛКАНОТ?

Брифни О’Рурк

11 јуни 2003 година

Како што е наведено и во насловот на овој текст, целта на авторот е анализа на прашањето дали Европската унија соочена со новите предизвици може и во наредните години да остане фокусирана на стабилизирање и интегрирање на Балканскиот регион?

Брифни О’Рурк оценува дека состојбата на Западен Балкан по вооружените конфликти во последната деценија сеуште не е безбедна и дека и понатаму постои опасност од етнички конфликти. Притоа особено ја акцентира улогата и напорите на Грција како претседател на Унијата да ги употреби сите ресурси на ЕУ со цел да создаде вистински мир и стабилност во регионот и се повикува на изјавата на Папандреу дека за членките на Европската унија е карактеристичен еден вид на “замор околу прашањето за проширување”, но сепак истиот препорачува дека од “суштинска важност” за Унијата е да остане постојано фокусирана на овој регион. Тој оценува дека европските држави мора да бидат убедени од страна на Балканските држави дека тие навистина сериозно се подготвуваат за членство во Унијата. Притоа приоритет е даден пред сé на борбата против организираниот криминал.

Во текстот се наведува дека голем број аналитичари сметаат дека овој процес на проширување нема да биде лесен. Според лондонскиот аналитичар Хедер Грејб од Центарот за европски реформи, европските лидери се притиснати од голем број на проблеми кои треба да бидат решени и затоа нема да бидат во можност да останат фокусирани на Балканските држави. “Балканот не е на врвот на агендата на ниту еден од европските лидери. Тие се засегнати со други проблеми, како на пример транс-атлантските односи” изјави таа за Радио Слободна Европа .

Една од дилемите на ЕУ, смета таа, е временската скала на евентуалниот влез на Балканските земји во Унијата. Европа ќе биде преокупирана со години со апсорпцијата на десетте нови членки од Централна и Источна Европа, а во меѓувреме и со влезот на Романија и Бугарија, смета истата. Едно од главните прашања на Унијата, со оглед на тоа дека Хрватска исто така аплицираше за членство, е дали да заземе регионален пристап или да дозволи влегување на секоја држава посебно. Според Хедер Грејб, голема дилема во политиката на ЕУ е дали да се придржува до принципот на поттикнување на регионалната интеграција и под-регионалното групирање со цел подоцнежно членство или да ја оценува секоја апликација според заслугата на државите.